# З А П И С Н И К

Од ВОНРЕДНАТА СЕДНИЦА на Советот на Општината Битола одржана на ден 11.05.2020 година по барање на Градоначалничката М-р Наташа Петровска согласно чл.2-а од Уредбата со Законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за ЛС за време на вонредна состојба донесена на Седница на Влада на РСМ одржана на 7.04.2020година

Вонредната Седницата се одржа онлајн преку апликацијата ZOOM и започна со работа во 10,20 часот.

На седницата беа присутни 31 членови на Советот на Општината: Претседателотот на Советот-Валентин Груевски, Методија Илиевски,Зоран Стојчевски, Жаклина Наумовска, Ристенка Алтипармаковска,Борче Корлевски,Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Зоран Ѓеорѓиев, Владе Шеровски, Елизабета Тодоровска, Виолета Дракалска,Татјана Крнчева, Јован Налбанти, Славе Најдовски, Веселин Талевски, Билјана Поповска, Анита Ангелевска,Александар Мирчевски,Горан Михајловски,Елена Трајчецска,Тони Коњановски,Иванчо Тошевски, Николче Јанкуловски,Борче Димитровски,Олга Лозановска, Викторија Христовска, Горан Степановски,Габриела Илиевска, Иван Чулаковски, Бурим Керими.

Согласно чл.44 од Законот за ЛС Конфликт на интереси по точката имаше советникот Тони Коњановски.

На седницата беше присутна Директорката на Центарот за Јавно Здравје Битола, Елизабета Крстевска која од страна на Градоначалникот беше овластена како стручно лице од оваа сфера, а седницата беше следена и од средствата за јавно информирање.

Согласно чл.28 ст.3 од Статутот на Општината Битола пред да се одпочне со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата без материјална расправа и без измена на дневниот ред а точката е:

Оправданоста од свикување на Вонредната седница беше едногласно прифатена од сите советници (31 ЗА).

За работа на Вонредната седница беше предложен и едногласно (31ЗА) прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Одлука за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробилошката лабараторија за молекуларна дијагностика на Covid 19 во насока на ефикасно,ефективно и навремено детектирање на пациентите со корона вирус.

1.

Елизабета Крстевска Директор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола рече,Центарот за јавно здравје како здравствена институција од првиот момент беше на браникот на кризата со корона вирусот.Она што се постигна во изминатите 2,5 месеци е резултат на огромна работа и ангажман на институцијата ЦЈЗ,Здравствениот дом и Клиничката болница во Битола, ангажманот на полицијата, а исто така и мерките кои за целото време ги превземаше Општината,дисциплината и сериозноста на граѓаните.Крстевска рече дека кон крајот на месец Март се појави потреба од зголемен број на лабаратории кои ќе прават дијагностика на Covid 19 но тие лабаратории по препорака на Светска здравствена организација бараат многу високи стандарди (2+ стандард)- тоа значи и во просторни услови и во опрема, а тоа Центарот за јавно здравје неможеше да го исполни.Центарот за јавно здравје има лабараторијата за молекуларна дијагностика која функционира веќе 5 години но не ги задоволува стандардите на Светска здравствена организација за Covid 19 па беше потребно да се направи нов план со нов простор,нова опрема и тоа одзеде многу време.Менаџерскиот тим одкако сфати дека ЦЈЗ како институција нема финансиски средства одлучи преку донации да го направи тоа: компанијата Кронберт Шуберт одлучи да донира средства во висина од 1.800.000д. за апарат кој недостигна за лабараторијата.Напомена дека целиот проект чини околу 3.500.000д.,околу 600.000д. ќе бидат за градежниот дел (за 4-те нови простории по нови стандарди).Смета дека инвестицијата и помошта од Општината во висина од 600.000д ќе биде многу важна за институцијата,градот и пошироко, лабараторијата ќе биде прва лабараторија надвор од Скопје и ќе преставува голем исчекор за справување со корона вирусот.Напомена дека лабараторијата нема да биде само за корона, лабараторијата ќе биде и за дијагностика и за многу други респираторни,вирусни и други инфекции.

Тони Коњановски најпрвин ја поздрави Иницијативата на Општина Битола за издвојување на средства за доопремување на лабораторијата за молекуларна микробиологија при ЦЈЗ во Битола и додаде,се што е во интерес на граѓаните на Битола Тој и советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе поддржат.Коњановски забележа за неприсуството на Градоначалничката Петровска на седницата која е предлагач на Иницијативата и Вонредната седница, а во однос на значењето и работата на лабараторијата рече,лабараторијата за молекуларна микробиологија е најмлада лабараторија во ЦЈЗ,формирана е во 2015/16 г.и одпочната е со работа во 2016г., направена е со идеја да стане современ дијагностички центар-прв во регионот и единствен надвор од Скопје на полето на молекуларна дијагностика. Лабораторијата е опремена со тогаш најсовремена опрема (ријал тајмписиар систем 7500) со дополнителна лабараториска опрема,доградба,просторна адаптација со вредност од 6 милиони д.Се работи за метода на молекуларна дијагностика која и сега се работи со висока специфичност и сензитивност каде со реално време се детектираат вируси,бактерии и сл.врз основа на нивниот генетски материјал.Од 2016г.лабараторијата функционира континуирано, без застој и успешно,во неа стандардно се врши детекција и типизација на ХПВ вирусот и утврдување на повеќе патогени предизвикувачи на полово преносливи болести.Во лабараторијата има можност да се анализираат и генотипизираат и хепатитис вирусите и сл.,вработен е висококвалитетен и стручен кадар, а со доопремување и доградба на лабараторијата со помош на Кронберт и Шуберт и Општина Битола ќе се овозможи брза и безбедна детекција на Sars Cov вирусот,затоа целосно ја поддржува Иницијативата.

Габриела Илиевска ја поздрави Иницијативата,присуството на Директорката на ЦЈЗ и вработените во институцијата и ја праша Директорката:Дали знаете временски кога ќе може

да се рачуна да започне со работа лабараторијата,односно кој е крајниот рок за да започне со работа и апаратот и кога ќе завршат градежните активности  односно дали истите се започнати?

Елизабета Крстевска рече,првиот контакт со Кронберт и Шуберт околу апаратот беше направен на почетокот на Март (неколку денови пред да престане со работа), па така остана идејата и ветувањето да се продолжи одкако повторно ќе се започне со работа компанијата. Едниот разговор се водел на 8.04.2020 а барањето за донација и нивниот одговор веднаш се реализира, Од страна на Кронберт и Шуберт (кои ќе бидат и набавувачи) на почетокот им било ветено дека најбрзо апаратот може да се набави во Септември, а потоа им било ветено дека тоа ќе се направи за 5 недели -од фирмата има потврда дека апаратот ќе треба да стигне следната седмица.Во однос на градежните работи рече дека тие се во тек(започнати се), после тоа следува Комисија од Скопје, се прави обука за апаратот,пробни тестирања и сл. и се очекува дека до крајот на Мај процедурите да завршат и да се започне со дијагностика.Се планира дневно да има околу 50 тестови и тоа се планира да биде регионот на Прилеп,Охрид (да биде за Југозападниот регион).

Олга Лозановска ја поддржува и поздравува иницијативата, но смета дека се доцни со мерките и лабараторија, односно најпрвин треба да се обават градежни работи,да се испратат вработени на едукација а за тоа е потребно време, а исто така потребно е да се направи валидација за да се добие сертификат за таквата лабараторија. Во лабараторијата која треба да има два стандарди најпрвин се вршат пробни тестирања а потоа се става во употреба (и за тоа е потребно време), и рече дека ЦЈЗ има  лабараторија - а ова е само проширување на истата.

Елизабета Крстевска напротив-смета дека Битола не доцни со лабараторијата и ова е прва ваква  лабараторија надвор од Скопје, напомена дека предходната лабараторијата беше со 3 простории а новата треба да биде со 4 простории(тоа е нов простор).Напомена дека посебна обука за вработените нема да има, освен за апаратот (од 1-2 дена) која ќе биде во самата лабараторија и смета дека не е потребен долг период на обука.

Методија Илиевски на почетокот од дискусијата од негово лично име и од СДСМ и коалицијата ја поздрави Иницијативата од Градоначалничката Наташа Петровска за донацијата односно за одделувањето на средства (600.000д.) кои ќе бидат донирани на ЦЈЗ.Со ова Општина Битола докажува дека знае да излезе во пресрет онаму каде е потребно, а тоа ќе го прави и во иднина доколку има потреба за граѓаните на Општината Битола во секој поглед.

Анита Ангелевска се согласува со Илиевски дека на седницата нема простор за политика, а ова што сега се прави  како Совет и Општина Битола смета дека е најмалата акција што Општина Битола и оваа локална власт е должна да го превземе во однос на санирање на последиците од пандемијата која ја зафати Македонија.За економските мерки кои ги промовирала Градоначалничката Петровска, Ангелевска рече дека до сега нема ништо и апелираше таа работа докрај да биде завршена.

Валентин Груевски во однос на економските мерки рече дека тие ќе бидат донесени на Седница на Совет на редовна постапка и појасни дека тие економски мерки не се врзани со ден или два,може да бидат донесени и после повеќе дена и тие да бидат добри и погодени  а не да бидат промашени, а она што на оваа седница е на дневен ред- е поврзано со рокови и време.

Иванчо Тошевски ја поздрави Иницијативата за надоградба на лабораторијата која успешно функционира од 2016г. и забележа на неприсуството на Градоначалничката, а во делот на економските мерки рече: сите треба да знаат дека периодот кој ќе следи (од година или две) нема да се реши со еден сет на економски мерки.Смета дека економски мерки треба

да има на секоја следна седница, а во однос на донацијата од Општина Битола и од компанијата Кронберт и Шуберт рече дека тоа е одлична работа, и напомена дека во изминатиот период од 2,5 години не е издвоен денар за ИЗЖабени.

Виолета Дракалска,лично не и смета неприсуството на Градоначалничката на седницата бидејќи видлив е нејзиниот допринос во обезбедувањето на 600.000д. од Буџетот на Општината Битола.Одлуката која се оноси на седницата е во интерес на Општината Битола и сите граѓани на Општината и пошироко во регионот, а Битола во моментот на пандемијата добро се справува со пандемијата и граѓаните покажаа високо ниво на одговорност и сериозност во однос на мерките и препораките од страна на Владата на РСМ.Одлуката на Градоначалничката за издвојување на средства од Буџетот на Општина Битола говори за нејзината заложба во делот на справувањето со корона вирусот.

Олга Лозановска во однос на парите кои ги донираше Градоначалничката рече тоа се пари од сите граѓани, а лично смета дека лабараторијата требаше досега да биде ставена во употреба затоа што луѓето неможат навремено да се тестираат.

Иванчо Тошевски ја праша Директорката на ЦЈЗ Кога лабараторијата со надоградбата ќе биде ставена во функција и од кога граѓаните ќе може да се тестираат?

Елизабета Крстевска,Директорката на ЦЈЗ рече, ова е нова лабараторија по нови стандарди и прв пат сега ќе се отвори, а планирано е договорите со изведувачите да заврши до крајот на месец Мај и да се започне со работа.Крстевска рече дека и во Клиничката болница има тројца микробиолози како и во ЦЈЗ, и уште еднаш рече дека напорите на ЦЈЗ се огромни.

Ристенка Алтипармаковска рече Одлуката која е на дневен ред е за поздравување а донацијата е од голем интерес за граѓаните во Општина Битола.

Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробиолошката лабараторија за молекуларна дијагностика на Covid 19 во насока на ефикасно,ефективно и навремено детектирање на пациентите со Корона вирусот, беше ставена на гласање и едногласно донесена (30ЗА).

Седницата заврши во 11,30 часот.

Седницата се пренесуваше на Youtube и се снимаше на аудио касети и по нив се водат забелешки.

Седницата ја обработи Ленче В.Гареска,референт за седници.

| | |
|---|---|
| Бр..09-39/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 11.05.2020 год. | На Советот на Општина Битола |
| Б и т о л а | Валентин Груевски |